# Број 11

# 14.09.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува
Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

СЕПТЕМВРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **14.09.2023** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на акти од 24.седница**
**На Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево, актите донесени на 24.седница и продолжението на истата кое се одржа на 13.09.2023 година и тоа:

1.**Одлука** за потврдување на Решението за запирање на објавување на пропис донесен од Советот на општина Делчево бр.08-1194/4 од 18.05.2023 година на Градоначалникот на Општина Делчево;
2.**Одлука** за доделување на стипендии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во општинските училишта;
3.**Одлука** за спонзорство на Здружение на пензионери-Делчево;
4.**Заклучок** во врска со Барање бр.09-1198/1 од 19.05.2023 година;
5. **Заклучок** во врска со Барање на ЗГ „Македон“бр.09-1101/1 од 09.05.2023 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-1852/1** **ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**14.09.2023 година** **Градоначалник,**
**Делчево** **Горан Трајковски,с.р.**

**1.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/05) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на општина Делчево на продолжението на својата 24. седница одржано на ден **13.09.2023** година, донесе

**ОДЛУКА**
**За доделување на стипендии на ученици прогласени**
**за првенци на генерацијата во општинските училишта**

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат стипендиии на ученици прогласени за првенци на генерацијата во учебната 2022/2023 година и тоа на:

1.Првенецот на генерација од ООУ „Ванчо Прке“, Делчево;
2.Првенецот на генерација од ООУ „Св.Климент Охридски“, Делчево;

3.Првенецот на генерација од СОУ „М.М.Брицо“, Делчево

Член 2

Стипендијата учениците ќе ја добиваат 9 (девет) месеци во текот на учебната 2023-2024 во нето износ 3,000,00 денари месечно за првенецот на генерацијата од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево и по 2000,00 денари месечно за првенците на генерацијата од ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.
Средствата ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Делчево.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Бр.09- 1828 /1**
**13.09.2023 год.**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

**2.**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање број 09-1227 од 25.05.2023 година, Советот на Општина Делчево на продолжението на својата 24.седница, одржана на ден 13.09.2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за спонзорство**
**на Здружението на пензионери од Делчево**

Член 1

Се одобруваат финансиски средства-спонзорство Здружението на пензионери од Делчево.
Средствата во износ од 30.000 денари ќе бидат наменети за покривање на трошоците за организирање на Регионалните спортски игри коишто се одржаа на 8 јуни 2023 година во Делчево.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на име Здружение на пензионери-Делчево на жиро-сметка 200000003247940, Стопанска банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –1829/1
13.09.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,

Гоце Попов,с.р.

4. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно Барањето на ЗРА „Пијанечки глас “број 09-1198/1 од 19.05.2023 година и член 145 од Деловникот, Советот на Општина Делчево, на продолжението на својата 24.редовна седница, одржана на ден 13.09.2023 година го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК
во врска со Барање бр. 09-1198/1 од 19.05.2023 година

1.Општина Делчево да го разгледа Барањето на ЗРА „Пијанечки глас “број 09-1198/1 од 19.05.2023 и доколку располага со слободни сопствени простории кои можат да се користат како канцелариска просторија за состаноци, архива и техничка поддршка за здружението, да им се додели таква просторија.
2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево“.

Заклучокот да се достави до:
- Архива;
- Градоначалникот на Општина Делчево;
- Подносителот на барањето;

Број 09- 1830/1
13.09.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

5. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), а согласно Барањето на Здружение на граѓани „МАКЕДОН“ “број 09-1101/1 од 09.05.2023 година и член 145 од Деловникот, Советот на Општина Делчево, на продолжението на својата 24.редовна седница, одржана на ден 13.09.2023 година го донесе следниот

ЗАКЛУЧОК
во врска со Барање на ЗГ „МАКЕДОН“-Делчево
09-1101/1 од 09.05.2023 година

1.Имајќи го предвид Барањето од ЗГ „МАКЕДОН“ во врска со иницијатива за организирање на фестивал за родољубива и патриотска песна „Македонија“ доставено до Советот на Општина Делчево, како и Известувањето доставено до ЗГ „Македон“ од страна на градоначлникот на Општина Делчево бр.08-1100/2 од 29.05.2023 година, Советот на Општина Делчево заклучи:
- да се одржи заедничка средба со градоначалникот на Општина Делчево, ЗГ „Македон“ и претседателот на Советот на кој ќе се разгледа и разработи идејата за организирање на фестивалот и ќе се дефинираат условите и начинот за покровителство или учество на Општина Делчево и Советот на Општината во организацијата на истиот.
2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Делчево“.

Заклучокот да се достави до:
- Архива;
- Градоначалникот на Општина Делчево;
- Подносителот на барањето;

Број 09- 1831 /1
13.09.2023 година
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.